| ***Користени извори:***<br><br>- Одделенски дневнци<br>- Молби и приговори<br>- Извештаи од педагошка служба<br>- Извештаи за реализација на годишна програма<br>- Разговори со наставници, ученици и родители | Најчеста причина за слабиот успех и незавршување на годината е нередовност на часовите и неедуцираноста на родителите за тоа колку редовноста на часови на нивното дете е голем фактор нивното дете да ја заврши годината. |

| Резултати: Наведете ги во кратки црти јаките страни и слабостите на ова подрачје |
|---|
| **Јаки страни:**<br><br>▪ Успешна реализација на наставните планови и програми<br>▪ Разработен план за усовршување на планот за развој на училиштето<br>▪ Ангажираност на наставниците преку дополнителна и додатна нстава<br>▪ Соработка на релација наставник-ученик-родител<br>▪ Континуирано следење на посигањата на учениците преку гоишните испити и јавни настапи на учениците<br>▪ Редовни планирања и подготовка за успешна реализација на концерти на ученици во текот на годината<br>▪ Учество на учениците на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари<br>▪ Активно учество на семинари на учениците и наставниците<br>▪ Висок степен на интеракција во наставниот процес меѓу наставникот и ученикот |
| **Слабости:**<br><br>▪ Дислоцираност на објектите за настава<br>▪ Недостаток на музички инструменти, а поквалитетна настава<br>▪ Недостаток на училишен простор – кабинети за групна и индивидуална настава<br>▪ Недостаток во опременоста на училишната библиотека со стручна литература и недостаток од училишна фонотека (наставниците користат лична фонотека и нотен материјал.)<br>▪ Недостаток од наглени средства во наставата по општо образовните и стручните наставни предмети во групната настава (аудио и видео материјали, недоволен број на компјутери и сл.)<br>▪ Слаба посетеност на наставниците на семинари и обуки за подобрување на квалитетот на наставниот процес<br>▪ Застарен начин на затоплување (со печки на дрва) во објектот на бул. Борис Кидрич<br>▪ Недостаок од комуникација со музички училишта во државата и во регионот (соседни држави и подалеку) |

| **Анализа на резултатите:** (Направете подетално образложение на ова подрачје) |
|---|
| Од анализата на податоците собрани за ова подрачје може да се донесе заклучок дека училиштето гради здрава училишна средина во која главен акцент е ставен на воспитно образовниот процес.<br>Успешно ги реализира наставните планови и програми преку редовната настава, дополнителната и додатната настава, како и преку изнаоѓање на различни методи и форми на работа за полесно усвојување на знаењата од страна на учениците.<br>Водењето на наставниот процес е со висок степен на интеракција меѓу наставниците и учениците. За подобрување на постигањата на учениците посебно место се дава на планираните активности на ученикот и на јавните настапи.<br>Резултат од сето тоа се редовните планирања и подготовки на наставниот процес за учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари каде се постигнуваат врвни резултати. Своите постигања учениците редовно ги презентираат во просториите на училиштето преку солистички или заеднички настапи (концерти). Учениците редовно учествуваат на разни промоции, изложби и разни културни манифестации во локалната заедница, при што главна придобивка им е стекнувањето на искуство и лична промоција, а пред се промоција на училиштето.<br>За уште поголеми постигнувања училиштето треба во иднина да презема низа на активности за подобрување на квалитетот на наставата. Пред сѐ решавање на проблемот со дислоцираноста на објектите во кои се изведува настава. Исто така треба да се обезбедат средства за надминување на проблемот со недостаток на училишен простор и застарениот начин на греење (со печки на дрва). Замена и обновување на застарениот инструментариум. Да се обезбедат средства за подобрување на библиотечниот фонд како и на училишната фонотека и видеотека. |

# Подрачје број 3 : Учење и настава

**Индикатори за квалитет :**

1. **Планирање на наставниците**
2. **Наставен процес**
3. **Искуства на учениците од учењето**
4. **Задоволување на потребите на учениците**
5. **Оценувањето како дел од наставата**
6. **Известување за напредокот на учениците**

## Индикатор број 1 - Планирање на наставниците

| Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот) | Информации кои се собрани |
|---|---|
| • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br><br>• Индивидуални планирања на наставниците<br><br>• Размена на искуства и информации при планирањето | **<u>Многу добро</u>**<br><br>Пред самиот почеток на учебната година сите наставници врз основа на наставните планови и програми пропишани од Биро за развој на образование и одобрени од Министерството за образование и наука, прават годишни планирањаза својот предмет и ги доставуваат кај стручната служба. На подготовката му претходат и консултации со стручната служба каде се прави корелација меѓу одделни предмети .<br><br>Врз основа на годишниот глобален план следи подготовка на секоја тематска целина вклучена во рамките на наставната програма. Во неа наставникот ги предвидува сите часови потребни за обработка на истата, целите кои треба да ги постигнат наставните средства, изворите на информации и др.<br><br>За разлика од групната настава, планирањето на програмата од индивидуалната наставасе изготвува за секој ученик посебно.Во зависност од возраста, постигнатите резултати во претходните години, како и резултатите на државни и меѓународни натпревари на кои учествуваат учениците во текот на |

| | |
|---|---|
| • Распоред на часови<br><br>• Користени извори:<br><br>- Наставна програма за средно образование<br>- Годишен глобален план<br>- Наставна програма за основно образование<br>- Наставна програма за индивидуална настава | учебната година, се изготвува програма по која учениците полагаат годишен испит на крајотна учебната година.<br><br>Планирањата на наставниците се следат од стручните соработници и директорот.<br>Индивидуалните планирања се секогаш во консултација со стручните соработници и произлегуваат од планот и програмата од МОН.<br>Размена на искуствата се секогаш присутни,особено кај предметните наставници со исти предмети помеѓу постарите и помладите наставници, како од нашето училиште така и од колегите од другите музички училишта во земјата.<br>Распоредот на часови се изготвува пред почетокот на годината за групната настава,а според неа се прилагодува индивидуалната настава почитувајќи го интересот на учениците. |

# Индикатор број 2 - Наставен процес

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Наставни форми и методи<br><br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br><br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br><br>• Приодот на наставникот кон учениците<br><br>• Следење на наставниот процес<br><br>• Користени извори: | <u>**Многу добро**</u><br><br>Во изведувањето на наставата во Државното музичко училиште постојат разновидни соодветни наставни методи: работа во групи, камерни состави, индивидуална настава, практични методи.<br><br>Наставниците користат различни методи на интеракција со учениците, како на пр: поставување прашања,водење дискусии,практична изведба од наставникот,повратни информации и сл.<br><br>Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.Изборот на задачи и активности(со различно ниво на сложеност) е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците,што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата.Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава,не ограничувајќи се исклучиво на одобрени учебници и дополнителна прирачна литература, како и ИКТ опрема.На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо.<br><br>ИКТ системот на работа е можност учениците и дигитално да ги изработуваат задачите. Сите ученици еднакво се третират при испрашувањето, користењето на ресурсите, индивидуалната настава и повратните информации, при што не постојат стереотипиза машки и женски активности и професии.Се води сметка за возраста научениците при изборот на инструментот во однос на нивните предиспозиции и можности.<br><br>Степенот на взаемно почитување на релација наставник-ученик-наставник е на достависоко ниво што резултира и од карактерот на наставата (особено индивидуалната настава), за разлика од релацијата наставник-наставник каде имаме и одредени отстапувања во негативна насока. |

| | |
|---|---|
| - Разговори со ученици, наставници и дискретно набљудување на социјалниот процес. | Учениците се релативно задоволни од примената и воведувањето на нови наставни методи, по одредени предмети поголемо е задоволството, по други предмети покласичен е пристапот и поконзервативно е воведувањето на нови методи на настава. Родителите се задоволни од начинот на изведување на наставата, но забелешките се најмногу поврзани со натрупаноста и преголемиот број на предмети. |

## Индикатор број  3 - Искуства на учениците од учењето

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Средина за учење<br><br>• Атмосфера за учење<br><br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br><br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето | **<u>Многу добро</u>**<br><br>Училишната средина ги стимулира и мотивира сите ученици независно од полот, етничко и социјално потеклои учениците со различни стилови на учење.<br><br>Тоа се постигнува преку многубројни семинари, државни и меѓународни натпревари, размена на искуства со ученици од други етнички заедници, јавни часови и концерти коишто воедно претставуват и начини да се изложуват трудовите на учениците, при што подеднакво се претставуваат учениците од двата пола, сите етнички групи и сите ученици со различни способности за учење. |

| | |
|---|---|
| • Користени извори:<br><br>- Ученички трудови<br>- Извештај за реализирани концерти и учество на натпревари<br>- Известување за напредокот на учениците<br>- Свидетелства, писмени состави, соопштенија, награди<br>- Разговори со ученици<br>- Разговори со наставници | Важно е да се напомени дека учениците се охрабруваат да преземат лична одговорност, самостојно да размислуваат,работат и активно да се вклучуваат во наставата. Низ разговори повеќето  ученици тврдат дека од страна на професорите се поттикнати на самостојно размислување. |

# Индикатор број 4 - Задоволување на потребите на учениците

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Идентификување на образовните потреби на учениците<br><br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата<br><br>• Користени извори:<br><br>- Разговори со ученици<br>- Разговори со наставници<br>- Разговор со директорот | **<u>Добро</u>**<br><br>Сите ученици од страна на наставниците се третираат подеднакво и правично и се настојува за секое дете подеднакво да се обезбедат услови за непречена и квалитетна настава;<br><br>Во разговор со учениците се идентификуваат нивните образовните потреби<br><br>(пр.кои композиции сакаат да ги свират, од можниот избор во наставната програма, од која епоха да бидат тие, желбата за концертирање, учество на натпревари, учество на семинари др. )<br><br>На наставниците им се дава поддршка за учество на разни семинари за стручно напредувањеи усовршување во наставата.<br><br>Во зависност од нивото на спремност на ученикот , учениците посетуваат интерни часови , концерти, натпревари, промоции и др.<br><br>За време на on line наставата а и после неа земаат учество на on line натпревари , семинари и обуки. |

# Индикатор број 5 - Оценувањето како дел од наставата

| Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот) | Информации кои се собрани |
|---|---|
| • Училишна политика за оценување<br><br>• Методи и форми на оценување<br><br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата<br><br>• Користени извори: | **<u>Многу добро</u>**<br><br>Поради знаењето на квалитетот на усвоените знаења, оценувањето на учениците е елемент во воспитно образовниот процес. Во индивидуална настава многу често учениците се самооценуваат колку се подготвени да го презентираат на јавни настапи она што го работеле во минатиот период. Една од клучните работа во оценувањето претставува завршниот годишен испит кој учениците го полагаат по стручните предмети, пред комисија која што ја определува оцената и претставува еден многу значаен начин на оценување.<br><br>На крајот на секоја учебна година се спроведуваат годишни(завршни) испити за сите ученици преку кои се прави анализа и споредба на успехот на учениците, во текот на наставната година се организираат и спроведуваат колоквиуми, јавни настапи на учениците, државни и меѓународни натпревари, и од овие активности на секој ученик поединечно му се оформува оценката која потоа е напишана во полугодишните и годишните извештаи за успехот и поведението;<br><br>Голем процент од учениците се задоволни од критериумите на оценување на наставниците. Мал процент имаат забелешка по одредени предмети поради престрогиот начин на оценување, што е менливо и се адаптира во различни ситуации. |

| | |
|---|---|
| - Разговори со ученици<br>- Разговори со наставници<br>- Разговор со стручните соработници<br>- Разговор со директорот | Јасно е дека оценувањето е и писмено и усно, во зависност од типот на предметот и можноста да се оцени ученикот на еден или друг начин.Учениците, таму каде има можност учествуваат во креирањето на својата оценка. |

## Индикатор број 6 - Известување за напредокот на учениците

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Известување на родителите за напредокот на учениците<br><br>• Користени извори: | **<u>Многу добро</u>**<br><br>За напредокот на учениците и за нивното поведение училиштето континуирано води главни книги , педагошка евиденција во дневниците за групна и за индивидуална настава, евидентните листови, како и во посебната евиденција која се води од страна на стручните соработници во училиштето;<br><br>Во поглед на информации кои родителот ги има за напредокот на ученикот , покрај оценката како одреден критериум за стекнатото знаењекоја најчесто ја добиваат прекураководителот на паралелката, подетални информации за работата и напредокот на учениците можат да добијат од предметните наставнициi стручните соработници во училиштето,на страната на |

| | |
|---|---|
| - Свидетелства, писмени состави, соопштенија, награди<br>- Разговори со ученици<br>- Разговори со наставници<br>- Разговор со стручните соработници | електронискиот дневник,каде се впишуваат оценките во текот на учебната година, како и од многубројните јавни настапи, концерти, натпревари.<br>Родителите целосно се задоволни од начинот на кој се информирани за не/успехот на нивните деца преку сите училишни инстанци.<br><br>Разговорите, колоквиумите, јавните настапи, натпреварите, се начините и методите преку кои учениците добиваат повратна информација за својот напредок. Тие се составен дел во целата активна настава и образованието воопшто.<br><br>Наставниците ги информираат учениците за нивниот напредок преку разговори, пофалби, забелешки,дискусии, свидетелстава, награди, оценки и сл. |

| Резултати: Наведете ги во кратки црти јаките страни и слабостите на ова подрачје |
| --- |
| **Јаки страни:**<br><br>➢ Квалитетот на наставниот кадар ;<br>➢ Одлична соработка помеѓу родителите, професорите иучениците.<br>➢ Многубројните високи награди на учениците на државните и меѓународните натпревари ;<br>➢ Соработка со локалната самоуправа,детски градинки, училишта и други јавни установи од Република С. Македонија и странство; |
| **Слабости:**<br><br>➢ Недоволен број на инструменти;<br>➢ Недоволнаопременост на библиотеката и фонотеката;<br>➢ Недостаток на нагледни средства;<br>➢ Голем број на амортизирани инструменти кои треба да се заменат со нови;<br>➢ Подобрување на акустиката на просториите за одвивање на наставата;<br>➢ Недостаток од кабинети за работа.<br>➢ Недостаок од единствен функционален објект за работа на двете школи (Средно и Основно) со добро опремени кабинети за настава како со инструментариум така и со ИКТ опрема. |

| **Анализа на резултатите:** |
| --- |
| Во подрачјето на учење и настава се потврди вршењето на навремено и квалитетно планирање на воспитно образовниот процес во училиштето.<br><br>Наставата се реализира со имплементација на современи форми и методи на работапоткрепени со современа образовна технологија, со целосно вложување на наставниците и според можностите кои ги има во школото , но кај дел од наставницитесе уште е застапен стариот традиционален начин на изведување настава и фронталната форма на работа.  Голем дел од професорите се обучени за работа со компјутерии примена на ИКТ  опремата во наставата. Сето тоа води кон поквалитетнанастава и подобрување на постигањата на училиште.<br><br>Училишната средина ги стимулира машките и женските ученици , учениците од различно етничко и социјално потеклои учениците со различни стилови на учење.<br><br>Во училиштето постои позитивна клима и подготвеност на кадарот за иновативни промени , со поддршка од страна на раководниот тим , учениците и нивните родители . Сето ова е потврдено и со увидите кои ги праватод Бирото за развој на образованието и од Државниот просветен инспекторат.<br><br>Посебна карактеристика на училиштето е тоа што при оценувањето многу честа појава е и самооценувањето на учениците, континуираното следење на учениците во текот на цела година , нивните јавни настапи на концерти, промоции, натпревари на Државно и Меѓународно ниво и сл.<br><br>Поради значењето на квалитетот на усвоените знаења оценувањето на учениците е значаен елемент во воспитно образовниот процес.<br>Во индивидуална настава учениците многу често имаат можност да се самооценат - колку се спремни да го презентираат на јавни настапи она што го работеле во изминатиот период. Една од клучните работи во оценувањето претставува завршниот годишен испит кој |

учениците го полагаат по стручните предмети пред комисија, што претставува еден објективен, непристрасен и реален начин на оценување.

## Подрачје број 4 : Поддршка на учениците

**Индикатори за квалитет :**

7. **Севкупна грижа за учениците**
8. **Здравје**
9. **Соодветна помош за понатамошно образование на учениците**
10. **Следење на напредокот**

# 1. Индикатор број 1 _ Севкупна грижа за учениците

| Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации) | Информации кои се собрани |
|---|---|
| • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди и најмалку еднаш годишно изведува симулација.<br>Во периодот на пандемијата се усогласи нов начин на движење во училиштето и сето тоа е обележано во целиот објект. |
| • Превенција од насилство | Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство со особен акцент на облиците на сексуално вознемирување на учениците (меѓу себе и од страна на возрасните). Документот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство.<br>Стручната лужба, посебно психологот, по електронски пат и со физичко присуство, реализира контакти со учениците кои покажувале интерес на темата, но и индивидуални средби. |
| • Заштита од пушење, алкохол и дрога | Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појава на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. |
| • Квалитет на достапна храна | Училиштето во соработка со локалната заедница и со општината воспоставува процедури со кои се обезбедува проверка на квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во неговата непосредна околина. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците. |
| • Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот | Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развојот. Училиштето соработува со родителите и со други релевантни институции (на пример, невладини организации) во обезбедување грижа за децата со телесни пречки во развојот и има развиени механизми за поттикнување на со учениците во пружање помош и водење грижа за овие деца. Vo ucilisteto nemame takvi slucai na ucenici |

| | |
|---|---|
| • Грижа за ученици од социјално загрозени семејства | Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. При тоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, центар за социјална работа, хуманитарни организации и деловна заедница).<br>Во текот на пандемијата се набавени компјутери за учениците кои не можеле да ја обавуваат електронската наставата. |

## 1. Индикатор број 2 _ Здравје

| Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот) | Информации кои се собрани |
|---|---|
| • Хигиена и заштита од болести | **Многу добро**<br><br>Хигиената во училиштето е на високо ниво. Тоалетите за наставниците и за учениците се чисти и дезинфицирани во секое време од денот. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја оддржуваат личната хигиена. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјани површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. |
| • Грижа за ученици со здравствени проблеми | Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. При тоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, здравствени установи, центар за социјална работа). Учениците се упатуваат на здравствени прегледи секоја година. |

## 1. Индикатор број 3 _ Соодветна помош за понатамошно образование на учениците

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување<br><br>• Грижа за ученици со емоционални потешкотии | **Многу добро**<br><br>Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали на образовните институции (флаери, трибини, посети на училишта, високообразовни институции и др.) за професионална ориентација на учениците. Училиштето им нуди на учениците можности за добро организирана практична работа. Учениците се информираат од страна на стручната служба за активности на Универзитетите по електронски пат (бидејќи ситуацијата налага редовно).<br>Се организира редовно од страна на Универзитетите презентација во училиштето во кој има голема заинтересираност од учениците во четврта година.Учениците зе запознаени со програмите на Универзитетите во државата.<br><br>Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр, семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми). Психологот соработува со вакви случаи, води досие за работа со учениците кои имаат емоционални потешкотии. |

| | |
|---|---|
| | |

## ➢ Индикатор број 4 _ Следење на напредокот

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците | **Многу добро**<br><br>Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик / ученичка, како и за неговиот / нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците. |
| • Анализа на напредокот на учениците по паралелки | Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. |

| | |
|---|---|
| | |

| Резултати: Наведете ги во кратки црти јаките страни и слабостите на ова подрачје |
|---|
| **Јаки страни:**<br>➢ *Поголемиот дел од наставничкиот кадар умее квалитетно да одговори не потребите на учениците.*<br>➢ *Навремено водење евиденција за напредокот на учениците кај класните раководители.*<br>➢ *Навремено информирање на родителите за успехот, редовноста и поведението на учениците.*<br>➢ *Поддршката на учениците и нивно навремено информирање за вклучување во високообразовни институции.*<br>➢ *Унапредување на способноста за тимска работа,развивање на толеранцијата,чувство на успех и задоволство од постигнатите резултати.* |

**Слабости:**

- ✓ *Недоволна обученост на наставниците за справување со конфликтни ситуации.*

**Анализа на резултатите:**

Училиштето постојано се стреми формите и активностите  кои ги користи за да обезбеди грижа , благосостојба и заштита на учениците да бидат ефективни.

Емоционалните, физичките и социјалните потреби на сите машки и женски ученици се различни во зависност од карактерот на личноста на ученикот, социјалната положба на семејството како и физичките предиспозиции и можности на учениците. Ваквите состојби на учениците се следат во континуитет од страна на предметните наставници , класните раководители, училишниот психолог и социолог  и училишните лекари.

Грижата за здравјето на учениците се спроведува преку редовни систематски прегледи организирани преку школска амбуланта во Здравствениот дом.

Заштитата и безбедноста при користење на музичките инструменти  се обезбедува преку правилникот за соодветен код  на облекување и однесување на сцена.

Класните раководители и наставниците ги информираат учениците за помошта што можат да ја добијат  од психологот и социологот.Стручната служба преку разни форми ја поттикнува  соработката со учениците и родителите (стручни материјали за ученици и родители, разговори, контакти и сл.).

Училиштето води евиденција за напредокот на учениците, нивната присутност/редовност и развој во училиштето  и тоа преку дневникот за групна и и ндивидуална настава, евидентни листови за успехот, редовноста и поведението, досие за ученикот итн. Евиденцијата им е достапна на наставниците, родителите и учениците.

Постојаната и севкупната евиденција  на работата на учениците ја врши  класниот раководител. Евидентираните резултати во континуитет  им се соопштуваат на учениците, родителите  кои според целите и можностите  преземаат активности за подобрување на наставата. Евиденцијата се користи и од страна на стручната служба  за следење на напредокот  на учениците , успехот и редовноста  , а со цел надминување на одредени потешкотии  на кои наидуваат учениците како и за професионална ориентација.

## Подрачје број 5: Училишна клима

**Индикатори за квалитет :**

1. **Училишна клима и односи во училиштето**
2. **Промовирање на постигањата**
3. **Еднаквост и правичност**
4. **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

## Индикатор број 1 _ Училишна клима и односи во училиштето

| Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот) | Информации кои се собрани |
|---|---|
| • Углед/имиџ на училиштето | **Многу добро**<br>• Училиштето е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата во различни области, како и остварување на визијата и мисијата. И учениците и наставниците се идентификуваат со него и горди се на тоа.<br>Во текот на учебната 2021/2022 и 2022/2023 учениците редовно учествуваат на натпревари со што се освоени многубројни специјални, први, втори, трети државни и меѓународни награди . |
| • Кодекс на однесување | **Многу добро**<br>• Кодексот на училиштето главно се почитува, а во негова изработка се вклучени сите структури (педагошка служба, раководен кадар), согласно законот за средно образование. Од разговорот со учениците - најголемиот дел од нив одговориле дека го почитуваат куќниот ред, а многу мал дел сметаат дека училиштето треба да превземе построги мерки и казни за прекршителите. |
| • Училишна клима | **Многу добро**<br>• Во училиштето постои професионална соработка на високо ниво меѓу вработените. Раководниот тим и наставниците се грижат за позитивната атмосфера во училиштето.Според анкетниот прашалник спроведен меѓу две третини ученици од I до IV клас, учениците одговориле дека од наставниците бараат повеќе толеранција, пријателски однос и соработка. Се изјасниле дека нивната мотивација зависи од почитувањето на личноста на ученикот од страна на наставникот и од професионалниот однос кон работата |

| | |
|---|---|
| • Успех,поведение  и дисциплина во училиштето<br><br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето Одлуки | на наставникот. Во сегментот - мотивацијата во односот ученик – наставник, учениците одговориле дека наставниците имаат професионален и индивидуален пристап и, примерно и одговорно однесување, што е резултат и на спецификата на наставата (индивидуална). Во сегментот – вклученост на учениците, одговориле дека сакаат да бидат вклучени во одлуки на училиштето.<br>**Задоволува**<br>Успехот на учениците за учебната 2021/22г. е со просек:<br>Iкл. 4,17; IIкл. 4,40; IIIкл. 4,22и IVкл. 4,15. На ниво на училиште: **4,23**.<br>Успехот на учениците за учебната 2022/23г. е со просек:<br>Iкл. 3,46; IIкл. 4,07; IIIкл. 3,85и IVкл. 3,94. На ниво на училиште: **3,83.**<br><br>Постои работна атмосфера во училиштето, наставниците континуирано ги следат учениците со навремено информирање на родителите преку телефонски контакти, е-дневникот , лични контакти скоро за секое отсуство од настава.<br>Наставниците редовно ги одржуваат часовите и се грижат за секој ученик да се стекне со знаење и да ги добие потребните материјали по електронски пат или со физичка консултација. Наставата се одвива беспрекорно по сите прописи и протоколи.<br>•<br>• Екстремни нарушувања на дисциплината и редот во училиштето нема, освен доцнења на првите часови, или повремени бегања од час поради преоптовареност на учениците во однос на бројот на часовите.<br>•<br>• Од анкетата за учениците  скоро 90% ученици одговориле дека бегањето од часови резултира со слаби оценки, особено по стручните предмети, бидејќи она што е пропуштено со ништо не се надополнува.<br>•<br>• Наставниците внимателно, но авторитативно се справуваат со одделни проблематични ученици, и соодветно го применуваат правилникот за изрекување педагошки мерки. Голема улога во овој дел игра и советувањето кое го изведува училишниот психолог.<br><br>**Многу добро** |

| | |
|---|---|
| • Користени извори:<br><br>- Кодекс на однесување (поставен на сите видни места во училници)<br>- Записници од наставнички совети, записници од изречени педагошки мерки<br>- Разговори со ученици, наставници и родители, награди и признанија<br>- Годишна програма за работа | • Учениците се целосно информирани за сите работи кои се во нивен интерес (учество на натпревари, посета на концерти, одржување на јавни часови, аудиции за поважни настапи, учество на семинари и мајсторски школи по одредени класи и.т.н.). Притоа заедно со предметниот наставник донесуваат одлуки за нивната подготвеност за учество или не.<br>• Класните заедници исто така со своите класни раководители учествуваат во решавање на одредени проблеми како промена на распоред, донесување на заеднички одлуки во однос на подобрување на самата клима во класот. |

## Индикатор број  2 _ Промовирање на постигањата

| Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот) | Информации кои се собрани |
|---|---|
| • Промовирање на личните постигања на учениците<br><br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето<br><br>• Користени извори:<br>- Годишна програма на училиштето<br>- Медиумско промовирање на училиштето за што постојат и видео и аудио записи<br>- Награди и признанија во дипломи, како и во документацијата на училиштето. | **Многу добро**<br>• Училиштето става голем акцент во промовирањето на сите ученици според способностите. За таа цел учениците по индивидуална настава и дел од теоретската настава секоја година учествуваат на државни натпревари по музика.<br>•<br>• Личните промовирања на учениците се гледаат и во учеството на годишниот концерт на  училиштето по повод патрониот празник,  учество во разни локални културни настани и случувања, како што се: промоции,учество на концерт со филхармонијата што е од особена важност за личното промовирање, учество на меѓународни натпревари по музика , како во Р.Србија, Р.Бугарија , Албанија, Италија, Русија, Хрватска, Белорусија и др.<br><br>**Многу добро**<br>• Училиштето води политика на промовирање и поттикнување на наставниот кадар и учениците за учество на сите локални, регионални и државни  натпревари.<br>•<br>• Секоја година училиштето има концерти во основните училишта се со цел подобра промоција на постигнувањата и профилот на училиштето.<br>•<br>Училиштето активно е вклучено во сите културни манифестации и случувања во градот и пошироката околина.<br><br>**Редослед на реализирани настани** ( концерти, проекти, обуки, натпревари и др.) во учебната 2021/2022 и 2022/2023г. :<br>**Проекти:**<br>- Проект ILO поддржан од МОН и БРО “Твои права твоја работа”  ; |

| | |
|---|---|
| | - Проект RICO – СУПЕР УЧИЛИШТА збратимување и размена на ученици со музичко училиште “Стеван Мокрањац” – Р. Србија ;<br>- Проект “Од млади за млади” – Совет за превенција – детско престапништво, при општина Битола<br>-Проект LEAD – проект за младинската организација;<br>-Проект LEAD UPSHIFT – за заштита на ел. Енергија<br>- Проект со Црвен крст “Промоција на хуманитарните вредности”<br>**Работни сесии**: социолог, психолог, библиотекар и директор;<br><br>**Концерти:**<br>-Есенски концерти;<br>-Шопенова вечер;<br>-Новогодишен концерт;<br>-Годишен концерт повод патронатот на училиштето;<br>- Концерт по повод “Денот на Пијаното”<br>- Концерти во чест на професорите од музичкото училиште<br>-Интерни часови на сите наставници по инструмент на крајот на прво и интерни часови во второ полугодие;<br>- Пролетни концерти<br>- Матурски концерти;<br>-Солистички концерти;<br>-Настапи со Македонска Филхармонија;<br><br>**Промоција на училиште:**<br>-Саем на средните училишта во Битола;<br>-Презентација на училиштето во детските градинки и основните училишта.<br><br>**Редослед на реализирани настани** во учебната 2021/2022 и 2022/2023:<br>**Соработки:**<br>-Соработка со Форум здружение “Младите можат” Скопје<br>-“Сега е моментот” конференција за менталното здравје на учениците<br>- Соработка со УКИМ, презентација на ФМУ;<br>- Ден на Руска дипломатија<br>- “Иформирање и знаења за климатските промени” – истражување на М ПРОСПЕКТ; |

| | |
|---|---|
| | - Соработка со МВР – сообраќајна едукација на учениците;<br>- Соработка со градска библиотека "Климент Охрдиски" – Битола<br>- Соработка со Центар за јавно здравје – обука по Прва помош<br>- Соработка со Црвен Крст – "Булинг – Врсничко насилство"<br>- Соработка со УКИМ – ОДАС – учество на средношколски самит<br>- Соработка со завод за рехабилитација "Кочо Рацин" - новогодишна приредба<br>- Соработка со МВР – "Насилство на социјалните мрежи"<br>- Соработка со Центар за Култура<br>- Соработка со Педагошки факултет<br>- Соработка со МКЦ – волонтеризам<br>- Соработка со КИЦ – Офицерски дом<br>- Соработка со Американско катче<br>- Соработка и промоција на високо – образовните институции во Републиката<br><br>**Натпревари:**<br><br>-Државен натпревар "Хармонија МБ" и др.<br>- Државен натпревар на музичките педагози<br>-Меѓународен натпревар по камерна музика во Кавдарци;<br>-Меѓународен натпревар за класична музика "Арт ин" во Велес;<br>- Меѓународен натпревар "Охридски бисери";<br>- Меѓународен натпревар "Езерски бисери" во Струга;<br>-Меѓународн натпревар"Константин Велики" Ниш<br>-Меѓународен натпревар по камерна музика во Кавдарци;<br>-Меѓународен натпревар за класична музика "Арт ин" во Велес;<br>- Меѓународен натпревар "Охридски бисери";<br>- Меѓународен натпревар "Езерски бисери" во Струга;<br>-Меѓународен натпревар за теоретски дисциплини "Михајло Николовски" Битола;<br>- Меѓународен натпревар "SAXCLAR" во Скопје;<br>- Меѓународен натпревар за млади пијанисти во Врање;<br>- Меѓународен натпревар за млади пијанисти во Гевгелија;<br>-Меѓународен натпревар "Стефан Мокрањац" во Пожаревац, Р.Србија;<br>-Државен натпревар "Хармонија МБ"<br>-Меѓународен натпревар, Полска - онлајн |

| | |
|---|---|
| | -Интернационален натпревар за пијано, “Моцарт“- онлајн<br>-Меѓународен фестивал “Москва се среќава со пријателите”<br>-Пијетер Гачи, Албанија - онлајн<br>-“Сопрвиста”, Италија - онлајн<br>-Меѓународен теортски натпревар во Марибор - онлајн<br>-Меѓународн натпревар”Константин Велики” Ниш<br>-“Сергеј Михајлов”, Штип<br>-Сириум фест, Сремска Митровица<br>-Меѓународен натпревар за соло пеење, “Стојан Ганчев”, Хрватска - онлајн<br>-“Ангелски гласови”, Србија – онлајн<br>и други.<br><br>**Промоција на училиште:**<br>-Веб страна на училиштето (muzickobitola.edu.mk)<br>- Youtube канал (ДМУ – Битола)<br>- Facebook страна (Државно музичко училиште – Битола)<br>- Instagram (drzavnomuzickouciliste_bitola)<br>Пишани и дигитални медиуми.<br>**Редослед на реализирани настани** во учебната 2021/2022г.:<br>**Презентации, семинари и обуки:**<br>- Семинар на проф. Марија Ѓошевска<br>-Семинар на проф. Катарина Крпан;<br>- Семинар на проф. Александар Сердар;<br>-Семинар на проф. Мојца Сејдиу<br>- Семинар на проф. Стојан Димов<br><br>**Работилници на младинската организација:**<br>- Претставување на МО пред вработените, учениците и родителите на ДМУ<br>- Спроведување на анкета “Мислењето на учениците за активностите во школото”;<br>- Работилница за “Мариа Калас”;<br>- Работилница за “Сергеј Рахманинов”;<br><br>**Настани од забавен карактер:**<br>-Екскурзија на Тумбе кафе; |

| | |
|---|---|
| | -Ден на аудио-визуелно наследство;<br>-Новогодишна забава;<br><br>**Работна и хуманитарна акција:**<br>-Засадување на садници;<br>-Еколошка акција на денот на пролетта. |

## Индикатор број 3 _ Еднаквост и правичност

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Познавање на правата на децата<br><br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици | **Многу добро**<br>• Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да препознаат нивно нарушување во пракса.Училиштето ги запознава учениците со нивните права, но и со нивните обврски.<br><br>**Задоволува**<br>• Не секогаш доволно се почитуваат правата на децата, што покажуваат и разговорите со учениците на кои околу 40% одговориле дека односот на наставниците кон нив е многу добар, 40% дека е добар и околу 20% дека е делумно задоволува.<br><br>**Многу добро** |

| | |
|---|---|
| • Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br><br>• Користени извори:<br>- Структура на паралелки од дневниците за работа<br>- Дневник за работа на стручната служба<br>- Разговори со ученици, родители и наставници | • Училиштето има еднаков и правичен третман без оглед на нивната верска, етничка и социјална припадност. Со оглед на тоа дека бројноста е помала (за разлика од училишни средини каде бројката е над 500 ученици и се со мешан етнички карактер) учениците во нашето училиште се главно од една националност, но сепак се води сметка за нивната социјална разлика, да се помогне, да се излезе во пресрет со инструменти итн.<br>•<br>Без оглед на тоа што се работи за релативно чиста национална средина, училиштето преку своите наставни програми го промовира мултикултурализмот, од едноставна причина што музиката нема граници. Исто така нашето училиште преку активноста на наставниците зеде активно учество во проектот ЕДУИНО – онлајн работилница во соработка со Бирото за развој на образование во Р. С.Македонија. |

## Индикатор број 4 _ Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Соработка на училиштето со родителите<br><br>• Соработка со локалната заедница<br><br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | **Одлично**<br>• Училиштето ја прифаќа поддршката на родителите кои се вклучуваат одвреме навреме во некои активности на училиштето, особено во рамките на формалните нивоа на одлучување: во совет на родители, училишен одбор, родителски средби, советување на родители и сл.<br>•<br>• Особено се важни индивидуалните средби, консултации и поддршка , со оглед на типот на настава (индивидуална), што покажуваат и разговорите со родители во кои околу |

| | |
|---|---|
| • Меѓународна соработка со други музички училишта<br><br>• Користени извори:<br><br>- Извештај за работата на училиштето<br>- Записници од родителски средби<br>- Проекти со локалната заедница<br>- Покани за промоции и важни настани<br>- Видео и аудио записи од разни проекти | 60% од родителите одговориле дека соработката со наставниците е многу добра, 30% дека е добра, а само 10% одговориле дека соработката со родителите е делумно добра.<br><br>**Одлично**<br>• Училиштето е активно вклучено и во животот на локалната заедница и пошироко, почнувајќи од организирање на одредени културни настани - концерти, учество на промоции на книги, хуманитарни концерти, културни настани, соработка со конзулати и амбасади, дочек на високи делегации од земјата и странство, соработка со другите училишта преку размена на искуства и учество на нивните патрони празници и сл.<br><br>**Одлично**<br>Училиштето остварува соработка и со деловниот и со невладиниот сектор секогаш кога тоа е потребно.<br><br>**Задоволува**<br>Училиштето ја продолжува соработката со Музичкото училиште “Стеван Мокрањац” Р. Србија (2019/2020), Музичкото училиште од Корча Р.Албанија од учебната 2012/13 преку заеднички гостувања и концерти. Училиштето остварува соработка и со музичкото училиште Аташеир “Мимар Синан” од Истанбул, надополнета со взаемни гостувања и концерти од 2014 година, како и соработка со полската амбасада за познатата Шопенова вечер организирана од самата амбасада. Соработува и со Италијанска амбасада, преку организирање на концерти за промоција на италијандкиот јазик. |

| Резултати:  Наведете ги во кратки црти јаките страни и слабостите на ова пдрачје |
| --- |
| **Јаки страни:**<br><br>➢ Добра комуникација меѓу наставниците ;<br>➢ Добра комуникација меѓу учениците ;<br>➢ Добра комуникација меѓу наставници и ученици ;<br>➢ Добра комуникација меѓу наставници и родители ;<br>➢ Добра соработка со локалната заедница ;<br>➢ Добра соработка со соседни општини и градови , како и на ниво на држава ;<br>➢ Непостоење на било каква дискриминација ; |

**Слабости:**

- Недостиг на простор за индивидуална настава;
- Недостиг на одредени инструменти и нагледни средства;
- Недостиг за финансиски средства за валоризација на постигнувањата  на учениците и наставниците;
- Недоволна соработка со фирми.
- Изведување на наставата во две одделни згради.
- Греењето во новиот објект сеуште е со печки на дрва.

## Подрачје број 6 : Ресурси

**Индикатори за квалитет :**

2. **Сместување и просторни капацитети**
3. **Наставни средства и материјали**
4. **Обезбедување на потребниот наставен кадар**
5. **Следење на развојните потреби на наставниот кадар**
6. **Финансиско работење во училиштето**

## Индикатор број 1 _ Сместување и просторни капацитети

| Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот) | Информации кои се собрани |
|---|---|
| • Просторни услови<br><br>• Искористеност на просторните капацитети<br><br>• Користени извори:<br><br>- Урбанистички план на училиштето<br>- Поседовен лист бр.10392 од 16.09.1997 година<br>- Катастарски план бр. 1201/1015 од 16.09.1997 за КП БР. 5639; 5640 | Задоволува<br><br>Наставата се изведува во три згради на две локации. На едната локација двете згради се во државна сопственост, а зградата на другата локација ни е доделена на користење од страна на ОСУ ,,Таки Даскало”.<br>Училишните згради се од тврда градба и опфаќаат површина од 2137,20 м2. Девет училници за групна настава се со површина од 514,20 м2, 30 кабинети со површина од 585,40 м2, една библиотека со површина од 33 м2 и 9000 наслови, шест канцеларии со површина од 146,60 м2, две концертни сали со површина од 210,20 м2, осум ходници и степеништа со површина од 518,60 м2, девет санитарни чворови и слично со површина од 129,20 м2, девет подрумски простории со површина од 307 м2, три дворни парцели со површина од 2250 м2.<br>За изведување на наставата по спорт и спортски активности ја користиме спортската сала на ОСУ ,,Таки Даскало”, бидејќи училиштето не располага со фискултурна сала.<br><br>Покрај големиот број на училници, кабинети и други простории, искористеноста на просторните капацитети е максимална. Поради зафатеност на наставниот простор, мал дел од наставата се изведува во посебно одредени термини, во договор помеѓу наставниците и учениците.<br>Слично се изјаснија и скоро сите или 95% од наставниците, кои сметаат дека нема доволен број на кабинети, а особено кабинети за индивидуална настава. Нивниот заклучок е дека поради оддалеченоста на двата објекти, комуникацијата помеѓу наставниците е видно отежната. Покрај тоа, иако постојните капацитети се максимално искористени, сепак не се доволни за непречено и квалитетно одвивање на наставата и мислат дека е потребно соединување на цело училиште во еден објект кој што ќе ги задоволува потребите за изведување на наставата и ќе ја олесни комуникацијата помеѓу вработените. |

| | |
|---|---|
| | |

## Индикатор број 2 _ Наставни средства и материјали

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br><br>• Училишна библиотека<br><br>• Потрошен материјал<br><br>• Користени извори:<br><br>11. Разговори со ученици и наставници | Не задоволува<br><br>Во училиштето постои библиотека, но фондот на книги со стручна литература е многу скромен и застарен. Поради немарност, дел од книгите се во лоша состојба, а поголем дел ги нема. Обновување на библиотечниот фонд последниве 20 години се состои исклучиво од подароци од поранешни наставници на училиштето, донации и слично. Но, тоа ретко се случува и најчесто се работи за стара и некорисна литература.<br>Наставниците, најчесто проблемот со стручна литература го решаваат преку користење на сопствена литература, позајмување на литература од други колеги, барање на податоци преку интернет и друго.<br>Недостигаат принтери, комјутер и хартија која ќе биди на располагање и достапни во канцеларија на наставниот кадар во секое време.<br>Обнова и недостиг на закачалки и шкафови во секоја училница.<br><br>На прашањето каква опрема е потребна за реализација на наставата по вашиот предмет и дали училиштето ви обезбедува соодветна опрема за осовременување на наставата, повеќе од наставниците одговориле дека во училиштето нема доволно инструменти и дека неопходно е обновување и збогатување на целокупниот инструментариум во училиштето. Особено клавири (за во настава), ударни инструменти, Орфови инструменти за мали деца, аудио и видео записи, нотен материјал, стручна литература и друго.<br>На прашањето дали училишната библиотека ги задоволува потребите на учениците и наставниот персонал со стручна литература и носачи на звук, повеќе од наставниците сметаат дека училишната библиотека не ги задоволува нивните и потребите на учениците. На мислење се дека треба да се доопреми со нотна литература, стручна литература, литература за потребите на наставата по мајчин јазик, носачи на звук (плочи, касети, цедиња). |

| | |
|---|---|
| | |

## Индикатор број 3 _ Обезбедување на потребниот наставен кадар

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br><br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br><br>• Стручната служба како поддршка на наставниот кадар<br><br>• Користени извори:<br><br>12. Персонални досиеја на наставниците<br>13. Извештаи за МОН<br>14. Извештаи на стручните соработници | Добро<br><br>Вкупниот број на вработени изнесува 72, распоредени на работни места во согласност со прописите и одредбите од законот за работни односи. Состојбата со кфалификациите и стручност на вработените може да се види од податоците добиени од персоналните досиеја на вработените. Соодветноста на наставниот кадар ги задоволува нормативите за наставен кадар и нормите кои се поставени од МОН. Па така најголемиот дел од наставниците се соодветни за своите работни места. Училиштето преку одговорни лица редовно води евиденција за присутност на вработените.<br>Поголемиот дел од наставниците сметаат дека креирањето на училишната политика ја извршуваат три-четири наставници блиски до директорот, а останатите наставници воопшто не се вклучени. Кај наставниците постои мислење дека училишниот тим, како и раководителите на стручните активи треба да се менуваат на одреден временски период и да се почитува периодот кој што им е даден во нивниот мандат.<br>На прашањето каков е односот на раководителот и раководниот тим кон другите субјекти во училиштето и дали тие целосно и правилно се информираат за донесените одлуки, поголемиот дел од наставниците сметаат дека претежно информирањето е навремено.<br>Стручната служба во учиштето е во служба на наставниот кадар и процес и целосно, во рамките на можностите помага во изведување на наставата. |

## Индикатор број 4 _ Следење на развојните потреби на наставниот кадар

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Професионален развој на наставниците<br>15. Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024, 2024/2025 година<br><br>• Користени извори:<br>16. Разговори | Задоволува<br><br>Во однос на подршката која училиштето им ја дава на наставниците приправници, директорот одредува ментор кој има задолженија за воведување на приправникот во наставниот процес и за познавање со наставните планови и програми.<br>На прашањето што превзема училиштето за идентификување на потребите на наставниците за професионален развој и дали им дава поддршка на наставниците кои сакаат да ги подобрат своите стручни и професионални способности, најголемиот дел од наставниците сметаат дека за нивниот стручен развој училиштето дава само морална поддршка (излегува во пресрет со отсуствување на наставникот од работа),дава информации за различни обуки, вебинари, семинари, додека финансиски не дава никаква помош. Наставниот кадар смета дека потребни се повеќе стручни семинари и финансиски да бидат поддржани. |

## Индикатор број 5 _ Финансиско работење во училиштето

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
| --- | --- |
| • Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br><br>• Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет<br><br>• Користени извори:<br><br>17. Позитивни законски прописи и упатства од и Министерството за финансии<br>18. Интерни акти<br>19. Закон за јавни набавки<br>20. Записници од УО | Многу добро<br><br>Со користење на постапки кои се директно посочени во Законот за сметководство, Законот за извршување на буџетот и Законот за јавни набавки, финансиското работење во училиштето е добро спроведувано и контролирано.<br>Информациите за училишниот буџет, инвестициски трошоци и користењето на средствата, директорот ги споделува со членовите на комисијата за јавни набавки, административниот работник и сметководителот. Исто така се поднесува финансиски извештај и пред членовите на Управниот одбор и претставниците на Советот на родители. Тие всушност носат и одлуки за користење на средствата од училишниот буџет, особено оние кои се однесуваат на средства партиципацијата од страна на учениците. Токму во тој контекст, според законската регулатива, Училишниот одбор ја одобрува и усвојува завршната сметка за реализација на средствата во претходната календарска година.<br>Во согласност со барањата на МОН – сектор за Финансии, училиштето е должно да врши месечно планирање за потребните средства, каде детално по ставки пооделно ќе бидат претставени трошоците. После тоа треба да се добие согласност од страна на МОН, за користење на истите. Покрај овие задолжителни месечни планирања, постојат и квартални планирања, што се прават на почетокот на годината. Во нив се предвидуваат поголемите инвестициски зафати, одвојување на средства за тековни трошоци, набавка на потрошен материјал, наставни средства и сл. |

| | |
|---|---|
| 21. Месечни и квартални финансиски планирања за користење на средствата | Училиштето е обврзано кон исполнување на предвидените трошоци внесени во планирањата, во согласност со потребите за нормално одвивање на на наставата и реализација на планираните активности. |

| **Резултати: Наведете ги во кратки црти јаките страни и слабостите на ова подрачје** |
|---|
| **Јаки страни:**<br><br>2. Квалитетни човечки ресурси<br>3. Поседуваме две концерти сали<br>4. Кабинети со информатичка опрема<br>5. Кабинет за кариерен центар<br>6. Поседување на музички инструментариум<br>7. Библиотека со стручна литература и белетристика<br>8. Музичко студио за аудио снимање донирано од СЕА проектот<br>9. Набавка на наставни средства според потребите на стручните активи<br>10. Развиена свест кај наставниот кадар за исполнување на работните обврски |

**Слабости:**

- Амортизиран инструментариум
- Немање доволно светска стручна литература од областа на класичната музика
- Недостаток на ЦД-а и ДВД-а со класична музика
- Потреба од осовременување и доопремување на наставниот простор (акустична изолација на вратите, аудио помагала)
- Осовременување на затоплувањето со инсталирање на парно греење (во едната зграда затоплувањето сеуште е на дрва гориво)
- Реновирање на постоечките училишни објекти
- Поголема размена на идеи, комуникација и соработка помеѓу вработените
- Потреба за спојување на училиштето во еден објект

| **Анализа на резултатите:** |
| --- |
| Државното музичко училиште – Битола е училиште со големи можности и капацитети, со долгогодишна традиција од каде произлегле голем број уметници.<br>Наставата се изведува во три згради на две локации. На едната локација двете згради се во државна сопственост, а зградата на другата локација ни е доделена на користење од страна на ОСУ „Таки Даскало”<br>Училишните згради се од тврда градба и опфаќаат површина од 2137,20 м2.<br>Училиштето располага со архива-летописна книга за успесите, признанијата и наградите како на ученици така и на наставниот кадар.<br>Училиштето настојува дополнително да ги ангажира вработените кои се стручно оспособени и со повисоки квалификации за помош на останатите наставници во смисла вршење дисеминација на стекнати знаења преку проекти, организирање интерни семинари , работилници и сл.<br>Финансиското работење во училиштето е добро спроведувано и контролирано. Се користат постапките кои се директно применувани од Законот за сметководство, Законот за извршување на буџетот и Законот за јавни набавки.<br>Информациите за училишниот буџет како и користење на средствата и поголемите инвестициони трошоци, директорот ги споделува со членови на комисијата за јавни набавки во училиштето, административниот работник и сметководителот, членовите на Училишниот одбор и претставници од советот на родители кои всушност носат одлуки за користење на средствата од училишниот буџет, особено оние кои се однесуваат на партиципација од страна на учениците. Токму во тој контекст според законската регулатива Училишниот одбор ја усвојува завршната сметка за реализација на средствата во изминатата година.<br>Во согласност со барањата на Министерствота за образование и наука - сектор Финансии, училиштето е должно да врши месечни планирања за трошење на средствата од училишниот буџет во кои детални поставки се планира колку месечно ќе се инвестира, колку се тековни трошоци и сл. Покрај овие месечни задолжителни планирања кои се доставуваат до МОН за што следи добивање согласност од нивна страна за користење на истите, постојат и квартални планирања што се прават на почетокот на годината и се предвидуваат поголемите инвестициони зафати, одвојување на средства за тековни трошоци, набавка на материјали и наставни средства и сл. |

## Подрачје број 7 : Управување, раководење и креирање политика

**Индикатори за квалитет :**

1. **Управување и раководење со училиштето**
2. **Цели за креирање на училишната политика**
3. **Развојно планирање**

## Индикатор број 1 _ Управување и раководење со училиштето

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|
| • Управување со училиштето<br><br>• Раководење со училиштето<br><br>➢ Закон за средно образование<br>➢ Статут на училиштето<br>➢ Записничка книга од училишниот одбор | Многу добро<br>Орган на управување во училиштето е училишниот одбор. Согласно законската регулатива училишниот одбор брои 12 членови и тоа: 4 претставници на основачот, 3 претставници од родителите, 4 надворешни членови, (од кои 3 именувани од Влада на Р.С.Македонија и 1 претставник од Министерството за образование и наука) и 1 претставник на Стопанска комора без право на глас. Националната и половата застапеност на членовите во училишниот одбор е следна: 12 членови се од македонска националност, од кои 6 се жени и 6 мажи.<br>Членовите на училишниот одбор се избираат за период од 4 години, со право на уште еден избор.<br>Изборот на претставници, членови на училишниот одбор, го врши наставничкиот совет на училиштето.<br>Директорот е раководен орган на училиштето и е одговорен за законитоста во работата, како и за материјално – финансиското работење на училиштето. Директорот на училиштето се избира и разрешува од Училишниот одбор по претходна согласност од Министерството за образование. Нему му помагаат 5 раководители на класи и 2 стручни соработници на училиштето (училишен психолог и училишен социолог). Директорот и неговите помошници се од македонска националност и нивните надлежности се јасно дефинирани во статутот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| Разговори со учениците и родители<br><br>Разговори со наставници | На прашањето дали ви е позната структурата на раководењето на училиштето (училишен одбор, директор и други раководни лица ), половина од учениците и родителите сметаат дека им е позната раководната структура на училиштето, додека пак по една четвртина одговориле дека делумно, или пак воопшто немаат информации за раководењето во училиштето.Врз основа на анкета изработена од стручната служба врз ученици и родители,се доби поголема вклученост на родителите во активностите на училиштето, а постоењето на МО која ги активира учениците на сите можни начини преку работилници ,еко акции, драмски проекти, има поголема вклученост на учениците во активностите и подобрувањето на училишната клима.<br>На прашањето каков е односот на раководителот и раководниот тим кон другите субјекти во училиштето и дали тие целосно и правилно се информираат за донесените одлуки-околу 10% од наставниците сметаат дека информирањето во училиштето не е секогаш навреме, а останатите го сметаат спротивното дека информирањето е добро и навремено .со мали исклучоци заради поделеноста на наставниците и оддалеченоста на објектите.Тоа се гледа и од презентирањето на резултатите од спроведената анкета на стручната служба на наставничкиот совет , и пред родители и ученици. |

## Индикатор број 2 _ Цели за креирање на училишната политика

| Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот) | Информации кои се собрани |
|---|---|
| • Јасност и соодветност на целите<br><br>**17.** Насоки за организирање на животот и работата на учениците во средното училиште<br>**18.** Упатство за начинот на изрекување на педагошки мерки, пофалби и награди на учениците<br>**19.** Извештаи за афирмативни резултати на учениците<br><br>• Процедури за креирање на училишната политика<br><br>**20.** Записничка книга на совет на родители<br>**21.** Евиденција на директорот<br>**22.** Евиденција на стручните соработници – социолог и психолог<br>**23.** Евиденција на секретарот<br>**24.** Летописна книга<br>**25.** Кодекс за однесување на наставниците и учениците | Многу добро<br>Во училиштето во функција се: статутот на училиштето, кодексот на однесување на учениците, наставниците, родителите, етички кодекс за однесување при оценувањето, акционен план за подобрување на оценувањето, акционен план за меѓуетничка интеграција во образованието, протокол за постапување при сомневање за употреба или поседување на психоактивни супстанции во училиштето, упатство за изрекување на педагошки мерки на учениците, упатство за регулирање на отсуствата на учениците, заклучоци од анкетата за редовност на учениците, годишната програма за работа, како и посебните протоколи за изведување настава и организирање испити и матури, а според препораките на МОН се изготви скратена програма и сооодветни наставни содржини , во кои се вклучија БРО со многу алатки и посета на Вебинари, Едуино, користење на платформите како ТЕЕМС, ЗУМ.<br>Што се однесува до учениците со различни способности и предиспозиции, училиштето има политика на стимулирање на афирмативните резултати на учениците преку поддршка и помош за подготовка и учество на различни натпревари од регионален, државен и меѓународен карактер. Тоа се натпревари по: пијано, дувачки инструменти, гудачки инструменти, соло пеење, ударни инструменти, хор и солфеж, камерна музика и оркестар, учество на сите јавни манифестации во градот и пошироко во државата. Направени се и посебни програми за работа со надарени и талентирани ученици како и со деца со ПОП (посебни образовни потреби). Во овие години на посебни протоколи , многу ученици и наставници беа вклучени во Он лајн натпревари , домашни и меѓународни и се стекнаа со награди. Во учиштето функционира и Совет на родители. Советот на родители е составен од 8 члена со претставници од двата профили во струката (музичар теоретичар и музичар изведувач).<br>Во креирањето на политиката во училиштето родителите се вклучени преку: активно учество на родителски средби, преку советот на родители, преку барање на мислење за реализација на проектни активности, вонннаставни активности, следење на редовноста и напредувањето на учениците, помош и поддршка за надминување на конфликтите.<br>Локалната заедница и бизнис опкружувањето се вклучени преку материјално – техничката поддршка на училиштето, преку разни манифестации, еколошки акции и слично. Учениците се вклучени во животот и работата на училиштето преку различни форми, а особено преку Младинската организација. Во креирањето на политиката учениците се вклучени преку испитување на нивните ставови за |

| | |
|---|---|
| | училиштето, за наставата и за слободните активности. Во последните неколку години училиштето преку стручната служба е вклучено во повеќе проекти на кои учество земаат и учениците а се поврзани со актуелни теми и проблеми на денешните млади луѓе. |
| • Разговори со учениците и родители | • На прашањето дали раководниот тим при креирање на училишната политика ги информира и консултира и другите субјекти во училиштето (наставниците, родителите, учениците) и како и дали ви е позната структурата на управување и раководење во училиштето, повеќе од половината од учениците и родителите одговориле со да, а останатите одговориле дека не се информирани.<br>• Дали има и каква е соработката на училиштето со локалната самоуправа (пр. со општината, со Центарот за култура, со културно уметничките друштва, со театарот и други институции), КИЦ,(со кој е потпишан и меморандум за соработка) околу 90% одговориле дека има таква соработка, а останатите одговориле дека не се информирани .<br>• На прашањето колку сте спремни активно да се вклучите во креирањето на училишната политика, околу 20% одговориле дека се спремни и дека би сакале да се вклучат |
| • Разговори со наставници | Анкетираните наставници се сите од македонска националност, освен еден од турска националност. На прашањата поставени од ова подрачје ги добивме следните сознанија:<br>На прашањето кои се постапките во креирање на училишната политика? Кој се е вклучен во неа и дали се чувствувате како активен член во креирањето на истата, поголем дел од наставниците сметаат дека креирањето на училишната политика е работа на класите заедно со нивните шефови , кои на редовните состаноци се договараат за програмите на секој оддел. Но во секој случај креирањето зависи и од програмите што ги изработува БРО и МОН .<br>Кај помал дел од наставниците има размислување дека училишниот тим треба да се менува на одреден временски период.<br>На прашањето каков е односот на раководниот тим кон другите субјекти во училиштето и дали тие целосно и правилно се информираат за донесените одлуки, сите сметаат дека е добро и навремено со мали исклучоци заради поделеноста на наставниците и оддалеченоста на објектите.За таа цел училиштето има активна ФБ страница која ги ажурира сите настани пред и потоа, ВЕБ страницата , Инстаграм, а за сите внатрешни состаноци, натпревари се користи училишен меил. |

## Индикатор број 3 _ Развојно планирање

| **Теми (извори на податоци за црпење на релевантни информации за индикаторот)** | **Информации кои се собрани** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| • Цели на развојното планирање | **Добро**<br>Директорот како раководен орган на училиштето ги мотивира наставниците преку организирање на семинари со експерти од областа на музиката, како и нивно учество на обуки организирани од страна на Б.Р.О. и М.О.Н.<br>- Октомври 2021- семинар по пијано со Дино Имери<br>- 2 јуни- семинар пијано – Катарина Крпан – Хрватска по повод 75 г. Од ДМУ Битола<br>- 3 октомври семинар – Марија Ѓошевска – Р. Македонија<br>- Ноември 2022 Александар Сердар – Р. Србија<br>- Април 2023 – семинар Милица Шкарич – Академија од Штип |
| • Професионален развој/стручно усовршување на кадарот | Во изминатиот период наставниците од ДМУ беа вклучени на следните обуки организирани од страна на Б.Р.О. и М.О.Н.<br>- Обука за современи концепции за средно образование – улогата на наставникот и новите стратегии на поучување- септември 2021 г – за сите наставници<br>- Обука за безбедност и здравје при работа – Технички факултет Битола – за сите наставници 24 . 11 . 2021г<br>- Обука за трговија со луѓе – МОН БРО – 26.11. 2021 г.<br>- Критичко размислување , решавање проблеми и макробит- МОН , БРО 2022 г.<br>- Професионална соработка на наставниците ( стручни активи, класи , заедници )БРО академија ЦЕС Скопје 3 .11. 2022 г. |
| ➢ Разговори со наставници | Добро<br>На прашањето што превзема училиштето за идентификување на потребите на наставниците за професионален развој и дали дава поддршка на наставниците кои сакаат да ги подобрат своите професионални и стручни способности?<br>11. Со оглед на воведениот план за професионален развој и развој на компетенциите и наставниците и стручните соработници можат да планираат во која насока ќе се надоградуваат, и хендикепот кој досега го имаа, сега се компензира со знаење за планирање на сопствениот раст и развој, професионален, а стручната служба информира, соопштува, испраќа понуди за обуки од секаков тип за секој да може да избере што во моментот му треба.<br><br>На прашањето каков тип на обука треба да организира училиштето во наредниот период со цел подобрување на квалитетот на настава |

| | |
|---|---|
| • Материјално-технички средства | 12. Обука за наставниот кадар за штимање на инструментите<br>13. Обуки за подобрување на комуникацијата со учениците и зголемување на ефикасноста во наставата. |
| • Материјално-технички средства | **Во изминатиот период беше збогатен инструментариумот на училиштето и тоа:**<br><br>1. Држачи за ноти (пултови) 20<br>2. Одржување и набавка на инструментариум( штимање на клавири два пати во годината , набавка на гудала за гудачката класа)<br><br>**Што се однесува пак до материјално техничките средства беа набавени следните предмети:**<br><br>1. од информатичка опрема - 2 компјутери<br>2. лап топ – 1<br>3. печатар – 1<br>4. ЛЦД – проектор - 1<br>- **Библиотеката пак беше збогатена со:**<br><br>Учебници по општообразовни предмети 120<br>Стручна литература од областа на хармонија и историја на музиката -25- подарок од семејството на починатата професорка Снежана Марковска<br><br>Задоволува<br>1. Каква опрема е потребна за реализација на наставата по вашиот предмет? Дали училиштето ви обезбедува соодветна опрема за осовременување на наставата?<br><br>- Поверкето од наставниците сметаат дека во училиштето се набавија доволно инструменти и дека неопходно и потребно е и понатаму обновување и збогатување на целокупниот инструментариум во училиштето, особено бројот на клавири и концертни пијана, аудио и видео записи, нотен материјал и стручна литература;<br>- Направени се напори и среден е делот информатички средства, за комуникација – компјутери, камери, слушалки.<br><br>Не задоволува<br>2. Дали училиштето има доволен број на адекватни училници за групна настава, доволен број на простории за индивидуална настава, соодветни санитарни простории и сл? |

| | |
|---|---|
| | Дали капацитетите се користат оптимално и дали нив можат да ги користат сите во училиштето?<br>- Скоро сите наставници сметаат дека нема доволен број на кабинети, а особено недостасуваат кабинети за индивидуална настава. Заклучокот е дека постојните капацитети се максимално искористени, но сепак дека не се доволни за непречено и квалитетно изведување на наставата;<br>- Оваа година според препораките на МОН за штедење на електрична енергија во учебната 2022/23 уште повеќе се стесни просторот за индивидуална настава.<br><br>3. Дали училишната библиотека ги задоволува потребите на учениците и дали има доволно стручна литература и наставни помагала/ инструменти?<br><br>- Повеќето од наставниците сметаат дека училишната библиотека не ги задоволува потребите на учениците и дека треба да се доопреми со нотна литература, со носачи на звук, плочи и цедиња, ТВ , и треба да стане медијатека. |

| **Резултати: Наведете ги во кратки црти јаките страни и слабостите на ова подрачје** |
|---|
| **Клучни јаки страни :**<br>➢ Тимска работа<br>➢ Транспарентност на раководниот тим пред наставниот кадар, помошните служби, пред родителите, учениците и локалната средина за ориентациите и целите на училиштето.<br>➢ Вклученост на наставниците во различни проекти за нивно перманентно стручно усовршување и професионален развој ( нови методи во наставата, обука за примена на информатичката технологија во наставата и сл.)<br>➢ Развојна политика на училиштето<br>➢ Солидна едукација на наставниот кадар преку многубројните семинари и стручни и за наставата<br>➢ Постоење на маркетинг тим кој постојано ги промовира активностите на училиштето преку постојано ажурирање на ВЕБ страницата, ФБ и Инстаграм |

**Слабост**

2. Потреба од подобрување на просторните услови за реализација на наставата
3. Потреба од едукација наставниот кадар  за изработка на проекти
4. Потреба за докомплетирање на греењето на училишниот простор

Станува збор за училиште со добра организација на работата и добра комуникација на ниво на раководен тим – наставен кадар, раководен тим – ученици, раководен тим – родители, раководен тим – локална заедница, па пошироко на регионално и државно ниво. Раководниот тим е задоволен од работата на наставниот кадар и помошните служби и е со тенденција за зголемување на веќе постигнатите резултати во училиштето.

Во креирањето на политиката во училиштето родителите се вклучени преку: активно учество на родителски средби, преку советот на родители, преку барање на мислење за реализација на проектни активности, воннаставни активности, следењето на редовноста и напредувањето на учениците, помош и поддршка за наминување на конфликтите, работилници и проекти кои го олеснуваат функционирањето на учениците-надвор од доменот на наставата.

Што се однесува до учениците со различни способности и предиспозиции училиштето има политика на стимулирање на афирмативните резултати на ученици преку поддршка и помош за подготовка и учество на различни натпревари од регионален, државен и меѓународен карактер. Тоа се натпревари по пијано, дувачки инструменти, гудачки инструменти, соло пеење, ударни инструменти, хор и солфеж, камерна музика и оркестар, учество на сите јавни манифестации во градот и пошироко во државата.

Ориентацијата на училиштето е да прерасне во институција која во иднина ќе може да ги задоволува барањата и стандардите на времето кое доаѓа и да ги задоволува стандардите на Европската Унија во нашата област. Нашата визија е училиштето да биде пријатна средина во која учениците ќе доаѓаат со задоволство, средина во која ќе наидат на современа настава приспособена на нивните потреби и интереси.

Сите овие залагања се можни благодарение на стручноста на раководниот тим, стручноста на наставниот кадар и стручните соработници во училиштето, како и стручноста на административната служба.

## Самоевалуација на воспитно образовниот процес

(Мај – Август  2023)

**Слаби страни:**

- Недостиг на средства за активна методологија
- Недостаток на датотека,видеотека
- Дислоцираност на објектите за настава
- Недостаток на училишен простор – кабинети за групна и индивидуална настава
- Недостаток во опременоста на училишната библиотека со стручна литература и недостаток од училишна фонотека (наставниците користат лична фонотека и нотен материјал.)
- Недостаток од нагледни средства во наставата по општо образовните и стручните наставни предмети во групната настава (аудио и видео материјали)
- Недоволна обученост на наставниците за справување со конфликтни ситуации
- Застарен начин на затоплување (со печки на дрва) во објектот на бул. Борис Кидрич
- Недостаток од комуникација со музички училишта во државата и во регионот (соседни држави и подалеку)
- Недостиг за финансиски средства за валоризација на постигнувањата  на учениците и наставниците
- Потреба од осовременување и доопремување на наставниот простор (акустична изолација на вратите, аудио помагала).

**Јаки страни:**

- Подобрување на маркетинг – промотивни материјали за училиштето, непосредно пред уписите во основното и средното училиште
- Обука на наставниците за професионален развој-реализирана и започнат процесот на изготвување на планови за личен професионален развој на годишно ниво
- Квалитетни човечки ресурси
- Квалитетно подготвени планирања во согласност со наставните програми прифатени од МОН.
- Позитивна и стимулативна клима за работа на учениците и наставниците
- Високи потенцијали кај учениците за образование и лично изградување
- Добра соработка на ниво на етничка и полова толеранција  и вклученост во училишни активности на сите ученици
- Рамноправност на сите ученици во третманот во наставата  и слобода на нивен избор  за вклучување во училишните активности
- Добра организираност на училишните активности  (учество на промоции, општински, државни и меѓународни натпревари, отворање на изложби , годишни и хуманитарни концерти, интерни часови, проекти, работилници и сл.
- Добра соработка со родителите
- Вonнаставни активности во функција на музичката струка
- Воннаставни активности во служба на менталното здравје на учениците
- Успешна реализација на наставните планови и програми
- Разработен план за усовршување на програмата за развој на училиштето
- Ангажираност на наставниците преку дополнителна и додатна нстава
- Континуирано следење на посигањата на учениците преку годшните испити и јавни настапи на учениците
- Редовни планирања и подготовка за успешна реализација на концерти на ученици во текот на годината
- Активно учество на семинари на учениците и наставниците
- Висок степен на интеракција во наставниот процес меѓу наставникот и ученикот
- Многубројните високи награди на учениците на општинските, државните и меѓународните натпревари
- Техничката опременост на училиштето-опремување со компјутери, смарт табли во склоп со потребата за дигитална настава

- Добра соработка со локалната самоуправа, детските градинки, училишта и другите јавни установи во локалната заедница / зголемена соработка со фирми и институции од локалната заедница
- Поголемиот дел од наставничкиот кадар умее квалитетно да одговори на потребите на учениците
- Навремено водење евиденција за напредокот на учениците кај класните раководители
- Навремено информирање на родителите за успехот, редовноста и поведението на учениците
- Поддршката на учениците и нивно навремено информирање за вклучување во високообразовни институции
- Добра комуникација меѓу наставниците
- Добра комуникација меѓу учениците
- Добра комуникација меѓу наставници и ученици
- Добра комуникација меѓу наставници и родители
- Добра соработка со соседни општини и градови , како и на ниво на држава
- Непостоење на било каква дискриминација
- Располагање на две концерти сали, кабинет со информатичка опрема
- Поседување на музички инструментариум/ збогатување на инструментариумот во училиштето-набавени многу инструменти за квалитетна реализација на наставата

14. Библиотека со стручна литература и белетристика
15. Музичко студио за аудио снимање донирано од УСАИД (СЕА проектот)
16. Набавка на наставни средства според потребите на стручните активи
17. Развиена свест кај наставниот кадар за исполнување на работните обврски

- Тимска работа
- Транспарентност на раководниот тим пред наставниот кадар, помошните служби, пред родителите, учениците и локалната средина за ориентациите и целите на училиштето
- Успешно спроведување на плановите и протоколите за работа, безбедна и здрава средина во услови на пандемија.
- Вклученост на наставниците во различни проекти за нивно перманентно стручно усовршување и професионален развој - нови методи во наставата, обука за примена на информатичката технологија во наставата и сл.